Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 164/0306
11.08 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 јули 2023 година, врз основа на примена жалба од ВМРО-ДПМНЕ, го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

**Текстот со наслов „*Видео) и Мицкоски спремил одело за во Влада: По консултациите на Ковачевски со партиското раководство, ќе се договараат деталите за влез на ВМРО-ДПМНЕ во Влада*", објавен на порталот Инфомакс.мк на 8 јуни 2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 8 јуни 2023 година, ВМРО-ДПМНЕ поднесе жалба за текстот со наслов „*Видео) и Мицкоски спремил одело за во Влада: По консултациите на Ковачевски со партиското раководство, ќе се договараат деталите за влез на ВМРО-ДПМНЕ во Влада*“, објавен на порталот Инфомакс.мк на 8 јуни 2023 година.

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања по следниве основи: неточно и нефер известување, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Дополнително, жалителот истакнува дека наведената информација во текстот е неточна, бидејќи, како што наведува жалителот, претседателот на политичката партија „ВМРО – ДПМНЕ“, не потврдил дека влегуваат во владата на Ковачевски.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, упати допис до редакцијата на порталот Инфомакс со кој ѝ даде можност да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Редакцијата на порталот не испрати одговор до Комисијата за жалби.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови оцени дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„... Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 25 јули 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст.

Во поглед на прекршувањето на член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, Комисијата констатираше дека медиумот објавил информација што не е проверена, а притоа не навел дека станува збор за претпоставка, ниту пак побарал изјава што би ја потврдила информацијата. Станува збор за делот од текстот во кој се вели: „По вчерашната лидерска средба во клубот на пратеници, Христијан Мицкоски и Димитар Ковачевски повеќе од очигледно е дека постигнале договор за влез на ВМРО-ДПМНЕ во владата на СДСМ“. Медиумот воопшто не се обидел да ја провери оваа информација, било на страната на самата политичка партија или од текстовите што за овој настан ги објавиле и други медиуми.

Комисијата расправаше и за тоа дали е прекршен и членот 13 од Кодексот на новинарите, за тоа дека новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Некои членови сметаа дека со употребата на изразот „повеќе од очигледно“, медиумот се обидел својата шпекулација да ја претстави како точна и со тоа нашравил прекршување и на членот 13. Сепак, мнозинството членови сметаа дека нема прекршување и на овој член.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **со мнозинство гласови** одлучи дека е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија
Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595